www.upoz.org.mk

Синдикален
# Билтен

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

УПОЗ

БР. 52 (4) ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2008

**ОСУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (05.11.2008 ГОДИНА)**

## ПРОТЕСТИ ПРОТИВ ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

Во екот на годишните одмори, по експресна постапка Собранието на Република Македонија на предлог на Владата ги усвои измените и дополнувањата на Законот за работни односи. Овој чин ја вознемири јавноста, особено синдикатот кој жестоко реагираше што не е консултиран како социјален партнер, што се прават измени кои се на штетата на работниците и што се кршат меѓународните конвенции. И покрај забелешките владата опстои на своите ставови претставувајќи ги измените во јавноста како современи, по примерот на неколку европски земји и дека истите се направени со намера да се подобри бизнис климата во државата.

Синдикатот не ги прифати ваквите „голи„ аргументи и натаму смета дека работниците се оштетени бидејќи отпуштањето од работа (како технолошки вишок) ќе биде наједноставно, тој ќе може уште наредниот ден да прими нов работник на место на отпуштениот (до сега неможеше тоа да го направи најмалку една година), скратени се деновите за годишен одмор, избришана е одредбата според која работникот во текот на еден месец во трета смена може да работи најмалку една недела а сега со измените му се дава право на работодавачот да може да ги ангажира работниците да работаат нон-стоп во трета смена и сл.



**Измените на Законот за работни односи се на штета на работниците, со него се скратуваат најмалку осум суштински права. Бидејќи владата нема намера да ги прифати барањата на ССМ, тој ќе организира протести. Набрзина донесениот Закон за судска служба е закон кој не ги решава проблемите и статусот на судските службеници а посебно платите, заради што на седницата беше донесена Одлука штрајкот (кој беше ставен во мирување на 12 април заради предвремените парламентарни избори) да продолжи на 24 ноеври. Предлогот за донесување на Закон за бруто плати синдикатот го прифаќа, но тој е за донесување на единствен закон со кој ќе се регулираат социјалните права и неговата примена да не биде од почетокот на 2009 година туку да се одложи за неколку месеци - тоа се главните заклучоци од седницата.**




Од овие причини, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија донесе одлук, во знак на револт и несогласување со измените во законот, на 7 ноември да се организираат протести во поголемите градови (Штип, Струмица, Велес, Прилеп, Охрид и Куманово) а Генералниот протест да се организира на 14 ноември во Скопје. Меѓутоа, покрај револтот од измените во Законот за работни односи, незадоволство ќе биде изразено и од нефункционирањето на социјалниот дијалог во државата, неприфаќањето на предлозите за измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, неутврдување на минималната плата, ниският животен стандард и секојдневното зголемување на цените на основните прехранбени производи и донесување на Закон за стечај кој ќе ги опфати сите стечајни работници.

По расправата, на седницата беше заклучено Синдикатот на УПОЗ да ги поддржи протестите и неговите членови масовно да се вклучат во истите.

►►► 2

# БАРАЊА ОД ПРОТЕСТОТ

Сојузот на синдикатите на Македонија и неговите грански синдикати на 14 ноември 2008 година на плоштадот „Пела„ во Скопје со почеток во 20 часот го одржаа Генералниот протест. На него учествуваа членови од сите синдикати здружени во ССМ. Општа е оценката дека на протестот учествуваа мал број членови на синдикатите (вклучително и членовите на УПОЗ). Најчесто споменувана причина беше стравот, што никако не смееме да ја прифатиме како оправдување. Свеста дека „некој друг во мое име„ треба да се избори за „моите права„ се уште е присутна меѓу членството заради што сите манифестации на синдикатот имаат мал одзив.

Но кога ќе се погледнат барањата за кои се протестираше, на протестот требаше да има илјадници членови односно „река од народ„:

1. Под итна постапка да се донесе закон со кој ќе се укинат последните измени и дополнувања на Законот за работните односи со кои се кршат или намалуваат правата на работниците;
2. Повеќе услови за пензионирање преку измени на законот:
- работниот стаж, покрај возраста да биде услов за пензионирање (35 години за жена и 40 години за маж);
3. Утврдување со закон на минимална плата;
4. Зачувување на животниот стандард на работниците со преземање на соодветни и ефективни мерки за сузбивање на појавите на неконтролирано зголемување на цените на основните прехранбени производи и услуги; и
5. Донесување закон со кој материјално ќе се обезбедат сите стечајни работници и работници прогласени за технолошки вишок согласно Законот за работни односи со над 25 години работен стаж.



**Штрајкот во правосудството ќе продолжи**

Поинаква одлука од тоа штрајкот во правосудството да продолжи на 24 ноември не можеше да биде донесена од едноставна причина што и покрај тоа што тој беше ставен во мирување во април заради предвремените парламентарни избори, старо-новата влада и старо-новиот министер за правда не покажаа интерес да прифатат дел од барањата на синдикатот. Повод за штрајкот кој започна со тридневно штрајкување на 27 јуни 2007 година беше предлогот на текстот на Законот за судска служба. Лошите решенија едноставно ги иритираа судските службеници. Но ова тридневно штрајкување како да не беше доволна опомена за надлежните заради што вработените повторно од 18 до 20 февруари и од 7 до 12 април 2008 година штрајкуваа. Иако во февруари дел од барањата на синдикатот беа прифатени, надлежните се однесуваа незаинтересирано заради што штрајкот по третпат продолжи на 7 април со одлука тој да трае до исполнување на барањата. Меѓутоа, на 11 април Собранието на РМ донесе одлука за распишување на вонредни парламентарни избори, заради што беше логична одлуката од 12 април за ставање на штрајкот во мирување.

За време на летните одмори Законот за судска служба беше донесен без суштинските забелешки на синдикатот а особено во делот на платите и надоместоците. Од овие причини, на седницата беше донесена одлука штрајкот да продолжи на 24 ноември 2008 година. За деталите околу начинот на неговото организирање и начинот на штрајкување, на седницата беше заклучено да се расправа на посебна седница со претседателите на синдикалните организации од правосудните органи на 18 ноември.

Претседателството заклучи, до денот на отпочнувањето на штрајкот, Синдикатот на УПОЗ да преземе активности за средби со министерот за правда, со премиерот и со претседателот на Врховниот суд со цел изнаоѓање на решенија.

Исто така беше заклучено да се подготови Иницијатива до Уставниот суд за оценување на уставноста на некои решенија со кои вработените во правосудните органи се нерамноправни во поглед на правата од работен однос.

**Бруто плати да, но не веднаш**

Околу воведувањето на бруто платите што треба да започне од 1 јануари 2009 година на седницата беше образложено дека Сојузот на синдикатите на Македонија го поддржува концептот за бруто плати, меѓутоа смета дека за таков концепт е неопходно да се донесе единствен закон кој ќе ги регулира социјалните права и да не се брза со почетокот на неговата примена.

Ваквите забелешки беа образложени со фактот дека предлогот на законот не го дефинира поимот плата, дека на работодавачот му се овозможува самостојно да одлучува дали ќе ги вклучи надоместоците за превоз и исхрана во бруто платите. Тука отворено е и прашањето заради сеуште непрецизираниот став околу надоместоците особено за ситуации кога овие надоместоци не се исплаќаат од работодавачот како и нивната висина онаму каде се исплаќаат (особено по одлуката на Уставниот суд) со оглед дека постојат решенија од колективните договори кои различно ја утврдуваат нивната висина.Свои забелешки синдикатот има и на високите казни кои се предвидени доколку работникот не го пријави работодавачот за неуплкаќање на придонесите за здраствено и пензиско осигурување.

Од расправата на седницата покрај овие забелешки и уште неколку прашања се наметнаа како отворени.
Како посериозно е прашањето што се наметнува во трансформирањето на системот на нето во бруто плати во врска со надоместоците и додатоците на плата како што се: минатиот труд, прекувремената работа, работата во празници и сл. Затоа во однос на ова беше предложено сите надоместоци и додатоци на нето платата и натаму да се сервисираат согласно законските решенија, со тоа што оваа обврска ќе биде вградена во новиот Закон за бруто плати.

# Кои права се намалени со измените на Законот за работни односи

1. Агенцијата за вработување, Фондот за ПИО и Фондот за здраствено осигурување немаат повеќе обврска на работникот задолжително да му доставаат примерок од пријавата и одјавата за социјалното осигурување. Со тоа работникот ќе нема документ и континуиран увид дали работодавачот ги исполнува законските обврски за негово задолжително социјално осигурување.

2. Рокот за склучување на Договор за вработување на определено време се продолжува од 4 на 5 години. (наместо тој дасе намали на две години).

3. Се избриша обврската при отказ од деловни причини работодавачот да му понуди на работникот нов договор за вработување под променети услови, односно докфалификација и прекфалификација.

4. При прогласување на работникот за технолошки вишок, одредбата според која работодавачот не смееше во рок од една година на тоа работно место да прими нов работник се избриша со што му се овозможува тој наредниот ден да прими нов работник со што се губи и смислата и објективниот карактер на отказот од овие причини.

5. Условот со кој работодавачите беа ограничени во однос на тоа колку време може најмногу да го ангажира работникот да работи во ноќна смена (најдолго една недела) е избришан со што на работодавачот му се овозможува неограничено да го ангажира работникот во ноќна смена.

6. Деновите за годишен одмор кој досега беа прецизирани „од најмалку 20 до 26 работни денови„, со измените се сведени на 20 денови (но не се работни) со што работодавачот ќе може на работникот да му одобри годишен одмор од 14-тина дена.

7. И покрај тоа што правото на платен годишен одмор според Уставот е неотуѓиво право на работникот од кое тој не може да се откаже, со измените на Законот, работодавачот ќе може да му го ускрати правото на годишен одмор а за тоа на работникот да му даде минимално обештетување.

8. Работничката книшка се исфрла како јавен документ во која се водеше евиденција за засновањето,траењето и престанокот на работниот однос. Со измените на Законот тоа ќе се евидентира електронски што работниците ќе имаат тешки административни последици и не ќе можат навреме да обезбедат документи за остварување на некои права како што се правото на пензија, паричен надоместок, здраствено осигурување и сл. Посебни тешкотии ќе предизвика краткиот рок (два месеци) за примената на ваквата одредба.



### ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ШТРАЈКОТ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ

# ПЛАТИТЕ ЗГОЛЕМЕНИ - ШТРАЈКОТ "ЌЕ МИРУВА"

Според Одлуката што ја донесе Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 5.11.2008 година, штрајкот на вработените во правосудните органи кој беше ставен во мирување, треба да отпочне на 24 ноември.

Барањата беа исти како и во претходните штрајкови: Зголемување на платите и исплата на надоместоците за превоз и исхрана согласно Колкетивниот договор, донесување на измени на Законот за Судска служба во кој ќе се вградат забелешките на Синдикатот на УПОЗ и потпишување на колективни договори во правосудните органи.

Заради подобра организација на штрајкот и негова поголема ефикасност беше заклучено на 18 ноември да се одржи состанок со претседателите на синдикалните организации од правосудните органи. Во меѓувреме, поточно на 12 ноември беше објавена одлуката за зголемување на платите на вработените судски службеници.

Претходно претставниците на Синдикатот на УПОЗ на средбата во Владата на РМ на која присуствуваше премиерот Никола Груевски, потпретседателот Зоран Ставревски, министерот за финансии Трајко Славески министерот за труд и социјална политика Џељиљ Бајрами и други владини претставници ја искористија можноста и го актуелизираа прашањето со штрајкот во правосудните органи. Беше побарано првиот чекор да биде направен во делот на платите а другите прашања да се решаваат со измени на Законот за судска служба и колективните договори.

Од овие причини на состанокот со претседателите на синдикалните организации се разговараше во насока дали штрајкот да се одржи, да се откаже или да се пролонгира (да мирува). И покрај задоволството од зголемувањето на платите, дел од присутните искажаа несогласување. Тоа пред сè се однесуваше на стручните соработници кои сметаат дека и со ова зголемување тие многу ќе заостануваат зад платите на судиите а работата која ја извршуваат како и степенот на образование е идентичен. Незадоволство беше искажано и заради одредбата со која минатиот труд ќе се исплаќа само на бодовите за образование, јубилејните награди и други надоместоци кои се предвидени за судиите.

По расправата беше предложено почетокот на штрајкот да биде ставен во мирување што значи тој нема да се одржи на 24 ноември. Во меѓувреме на средба со министерот за правда да се постават сите други отворени прашања и да се побара нивно разрешување со измени во законите и потпишување на колективните договори.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (18.12.2008)**

# ПОТРЕБНИ СЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ

**На Деветнаесеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ главна точка на расправа беше Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот. Тие се потребни со цел појасно и поконкретно да се дефинира позицијата на синдикатот и да се спречат евентуалните тенденции на паралелизам што можат да го манифестираат некои синдикални организации. Штрајкот на вработените во правосудните органи ставен во мирување се до моментот на исплатата на најавеното зголемување на платите и исплата на јубилејни награди.**

По три години од одржување на последното Собрание кога беше донесен Статутот на Синдикатот на УПОЗ, времето и активностите во овој период наметнаа потреба од негови одредени измени и дополнувања. Од овие причини на Деветнаесеттата седница беше покрената Иницијатива за евентуални измени и дополнувања на Статутот би оделе во насока на зацврстување на позицијата на Синдикатот во однос на релацијата синдикат - синдикална организација за да се избегнат несаканите дејствија на паралелизам во нивното дејствување. Со тоа во вистинска смисла на зборот би се оствариле стремежите тој во вистинска смисла на зборот да биде доброволна, самостојна, демократска и независна организација, доследно да ги застапува членовите и да ги остварува правата од работен однос.

**Какви промени на Статутот се потребни?**

Во кои делови од Статутот и какви промени се потребни? Во секој случај тоа се членовите во кои се дефинирани позициите на синдикалната подружница, синдикалната организација и Синдикатот како нивен основач. Бидејќи со промената на власта и влијанието кое го имаат политичките партии врз синдикатот има средини во кои се оневозможуваат активностите како и избор на синдикално раководство а доколку тоа биде „допуштено„, огромно е влијанието на работоводниот орган при изборите. Затоа во такви околности со измените на Статутот треба да се регулира правото на Синдикатот да назначи свој повереник кој ќе раководи со синдикалната организација до моментот на спроведување на регуларни избори. Во овој контекст потребно е да се допрецизираат поимите синдикална организација и синдикална подружница со цел да се спречат процесите на раситнување на синдикатот особено во услови кога претседателот на синдикалата организација (во содејство се работодавачот) може да биде носител на таков процес.

Од таму се наметнува и потребата и во случај на неактивност на синдикалната организација и нејзиниот претседател, неинформираност на членството и опструкција, да се одржи состанок, Синдикатот да има поголеми ингеренции и тој да може да ги преземе сите неопходни дејствија за консолидација на состојбата и надминување на проблемите.

Едно од покарактеристичните прашања кое се наметна во изминатиот период со децентрализацијата на власта е и прашањето на организацијата на Синдикатот во локалната самоуправа. Тие досега како организации со помал број вработени беа организирани во една синдикална организација со подружници (општините). Со тоа и единиците на локалната самоуправа ќе бидат организирани врз принципот на синдикални организации односно секоја единица на локалната самоуправа ќе биде синдикална организација на Синдикатот на УПОЗ а нема да биде подружница на Синдикалната

►►► 5

## ОДЛУКА ЗА 15 - ТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ

По петнаесетти пат годинава ќе се одржат Петнаесеттите спортски игри средби на Синдикатот на УПОЗ. Претседателството донесе одлука тие да се одржат во вообичаениот термин, првиот викенд од јуни. Терминот на нивното одржување е од 4 до 7 јуни и тие најверојатно ќе се одржат во Охрид во хотелите „Белви„ и „Метропол„.

Синдикалните организации навреме ќе бидат известени за местото на одржување и цената на сместувањето а Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија ќе ги направат неопходните подготовки за нивна успешна реализација.




организација на локалната самоуправа како што е сега. Со ваков начин на организација како и можноста да може да се формираат одбори во рамките на синдикалната организација, ќе се задоволат и потребите за изразување на специфичните интереси на пожарникарите кои се дел од вработените во локалната самоуправа.

Секако едно од најглавните прашања е и синдикалната членарина за која во овој момент нема услови да се размислува за било какви измени во процентот на уплатата и процентите на распределбата. Но одредени примери на финансиска недисциплина покажуваат дека треба да се размислува членарина да се насочува во Синдикатот на УПОЗ кој потоа би ја вршел распределбата согласно одлуката. Тоа би значело само поголема финансиска моќ на Синдикатот, намалување на можноста за злоупотреба на членарината а ќе се избегнат и можните уцени на поединци со неуплаќање и слично. Со ваквиот начин на уплата и распределба најмногу ќе се засили позицијата на Синдикатот а синдикалната организација ќе располага самостојно и со истиот износ на средства како и досега со кои таа располагаше и и припаѓаат според одлуката.

Измените се неоходни заради поголема ефикасност во работењето со што Синдикатот подоследно ќе ги оправда очекувањата на своето членство кое својот интерес треба да го гледа во потребата поефикасно да ги остварува посебните и колективните права и интереси, како и другите права од работен однос и сите други права од трудот.

За оваа цел се задолжуваат сите синдикални организации до крајот на јануари 2009 година да доставаат предлози а Статутарната комисија истите ќе ги разгледа и на една од наредните седници ќе предложи измени и дополнувања на Статутот.

## СИНДИКАЛНАТА ШКОЛА ПО ДВАЕСЕТТИ ПАТ

Третиот викенд од февруари 2009 година поточно од 19 до 21 февруари ќе се одржи Дваесеттата синдикална школа на Синдикатот на УПОЗ. Ваквата одлука беше донесена на седницата на Претседателството а местото на одржување дополнително ќе биде одредено меѓу хотелите „Истатов„ во Нов Дојран и „Цар Самоил„ во Струмица.

Оваа година ќе биде одбележан значаен јубилеј на школата која ќе се организира по дваесетти пат. Темите и предавачите ќе бидат дополнително определени. За сите детали околу организацијата, синдикалните организации навреме ќе бидат известени.

**Штрајкот во правосудството повторно во мирување**

На претходната седница на Претседателството беше донесена одлука штрајкот кој на 12 април 2008 година беше ставен во мирување да отпочне на 24 ноември. За таа цел на 18 ноември беше закажан состанок со претседателите на синдикалните организации на правосудните органи на кој требаше да се договорат деталите за неговата организација.

Меѓутоа, по средбата на претставници од Синдикатот во Владата на која беше побарано неодложна корекција на платите на судските службеници, непосредно пред овој состанок беше соопштено дека конечно барањето на Синдикатот на УПОЗ ќе биде задоволено. Од тие причини, на состанокот беше заклучено штрајкот да биде повторно ставен во мирување до остварување на другите права (надоместоците, јубилејните награди, минатиот труд).

Од овие причини Претседателството донесе одлука штрајкот закажан за 24 ноември повторно да биде ставен во мирување и Синдикатот во наредниот период преку преговори за измена на Законот за судска служба и потпишување на колективниот договор да се избори за нив. Во спротивно штрајкот повторно ќе биде активиран.

**До**
**Уставниот суд на РМ**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 110, став 1, алинеа 1, и член 12, од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ, поднесува

# ИНИЦИЈАТИВА

**за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33, став 1 и 2, член 34, и член 45, став 1 и 2 од Законот за судска служба (Сл. в. бр. 98/2008 година)**

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за судската служба, но Синдикатот на УПОЗ смета дека членовите 33, 34 и 45, не се во согласност со членот 38, од Уставот на РМ.

### Член 33, став 1

Во членот 33, став 1, е регулирано дека за време на штрајк на судските службеници, во судот се извршуваат работите во врска со закажаните расправи и рочишта, односно со јавните седници за донесување и доставување на сите одлуки во законскиот рок.

Содржината на ставот 1, од членот 33, практично го ограничува во целост правото на штрајк, кое право е гарантирано со член 38, од Уставот на РМ.

Во цитираниот член 33, став 1, не се ограничуваат условите за остварување на правото на штрајк во органите на управата, туку целосно се елиминира правото на штрајк.

Ваквата законска одредба значи, дека вработените во судската служба никогаш не ќе можат да стапат во штрајк, односно да го остварат правото на штрајк.

Од тие причини сметаме дека членот 33, став 1, е во спротивност со членот 38, од Уставот на РМ, бидејќи истиот не утврдува ограничувачки услови за остварување на право на штрајк, туку целосно го забранува правото на штрајк.

### Член 33, став 2

Во членот 33, став 2, е регулирано дека во постапките за кои со закон е утврдено дека се итни, односно за работи кои според закон и според природата за работите се нужни судот е должен да работи за време на штрајкот.

Со став 2, повторно се потенцира дека судот ги извршува сите работи за време на штрајк, што значи дека вработените мораат да ги извршуваат своите работни задачи. Се поставува прашањето дали работниците кои се изјасниле дека штрајкуваат, се должни спротивно на својата волја да ги извршуваат и работите кои според својата природа се нужни без притоа поконкретно да се предвиди и пропише кои се тие работи кои според својата природа се нужни.

И овој став има карактер на забрана на правото на штрајк што е спротивно на членот 38, од Уставот на РМ.

Уставната одредба од членот 38, на јасен начин укажува дека со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк, но не смее да се забрани и целосно да се ограничи правото на штрајк.

Доколку во судот се извршуваат сите нужни работи како што е предвидено во Законот за судски служби, во тој случај судот нормално ќе функционира, што значи дека вработените нема да го остварат своето право на штрајк.

### Член 34

Во членот 34, од Законот на судска служба е утврдено дека заради непречено организирање на работата на судот и водење на евиденција на вработените за исплата на плата во услови на штрајк, судските службеници во судот писмено се изјаснуваат за нивното учество во штрајкот.

Согласно Законот за работни односи остварувањето на правото на штрајк и неговото организирање е во надлежност на синдикатот. Работодавачот, односно судот не е организатор на штрајкот, па поради тоа не треба и не смее да побарува било какви писмени изјави од работниците во врска со нивното учество во штрајкот.

Поради сето ова сметаме дека член 34, став 1, е во спротивност со член 38, од Уставот на РМ,и со наведениот член се врши незаконит и недозволен притисок врз работниците да не учествуваат во штрајкот, а со тоа и се оневозможува остварување на уставното право на штрајк на работниците.

Очигледно е дека законодавецот барајќи правен основ да го ограничи и забрани правото на штрајк на работникот го поврзува тоа со исплатата на плата, па поради тоа бара работникот писмено да се изјасни дали учествува во штрајкот.

Согласно актите на синдикатот, штрајкот може во целост да го плати синдикатот или пак на друг начин да биде регулирано плаќањето за време на штрајк.

Од тие причини сметаме дека став 1, од член 34, е во спротивност со член 38, од Устав на РМ, бидејќи го оневозможува правото на штрајк на работникот.

### Член 45

Во член 45, во врска со надоместоците на плата се укажува дека вработените во судската служба имаат право на надоместоци од плата и истите се наброени. Ставот 1, од член 45, сметаме дека е во спротивност со член 9, од Уставот на РМ каде е утврдено дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Со цитираниот став 1, се скратени некои права на работниците кои работат во судот, за разлика од нив работниците од други дејности согласно закон и колективни договори ги уживаат тие права.

Во цитираниот член во ставот 1, не е утврдено дека работниците имаат право на јубилејни награди кое право е утврдено во општите и гранковите колективни договори. Веднаш се поставува прашањето дали со законот може да се ускратат и ограничат некои права, односно дали граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Во врска со ставот 2, од член 45, во кој е пропишано дека висината на надоместоците за секоја година се утврдува со законот за извршување на Буџетот на РМ сметаме дека истиот е во спротивност на член 32, од Уставот на РМ, каде е утврдено дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба по однос на висината на надоместоците се регулира со колективни договори.

Обврската на социјалните партнери да ги регулираат правата по однос на надоместоците на плата произлегува од ЗРО.

Од тие причини, сметаме дека став 2, од член 45, со кој се утврдува дека висината на надоместоците се регулира со Закон за извршување на Буџет на РМ има карактер на ограничување на правата на работниците и е во спротивност со член 8, од Устав на РМ, по однос на владеење на правото.

Работниците се доведуваат во нееднаква положба и по однос на висината на надоместокот на плата и по однос на бројот на правата на кои можат да ги користат, така на пример за судските службеници не е предвидено правото на надоместок за јубилејни награди.

Синдикатот на УПОЗ смета дека наводите во Иницијативата за оценка на уставноста на Законот за судска служба (Сл. в. бр. 98/2008 год.), се основани па предлага Уставниот суд на РМ согласно на начелото на приоритет и итност да ја прифати Иницијативата и да поведе постапка за оценување на уставноста на горецитираните членови од Законот за судска служба, со прифаќање на Иницијативата за оценување на уставноста, Синдикатот на УПОЗ смета дека Уставниот суд на РМ со своја одлука ќе ги поништи цитираните членови од Законот за судска служба.


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува:
**Пецо Груевски**
• Подготовка за печат “Макформ”– Скопје
• Тираж 600 примероци